

**ПРОПОЗИЦИИ ЗА ОДИГРУВАЊЕ НА**

**ТУРНИРОТ ВО ПИНГ - ПОНГ**

ЧЛЕН 1

Право на учество на турнирот во ПИНГ - ПОНГ на МЕСЕЦ НА СПОРТОТ имаат сите клиенти кои пријавиле учество со играчи кои се аматери, односно не се регистрирани во првата лига во пинг – понг во последните 3 години. Играчите мора да бидат вработени во компанијата за која настапуваат. Проверката ќе се врши врз основа на приложените документи и евиденцијата на Пинг понгарска Федерација на Македонија за времетраење на квалификациските рунди.

ЧЛЕН 2

Натпреварите ќе се играат во термините меѓу 19:30 и 23:30 во работите денови а викенд меѓу 18:00 и 22:00.

ЧЛЕН 3

Победник во една партија е оној играч кој ќе освои 2 сета. Еден сет се игра до 11 поени, а играчите сервираат наизменично на секои 2 поени. Ако резултатот е нерешен (10:10), се игра на разлика – односно победник е оној кој ќе освои 2 поени повеќе од противникот, и во овој случај сервирањето е наизменично на секој поен. За секоја победа се добива по 2 бодови.

ЧЛЕН 4

Сервирањето се повторува при секое допирање на топчето на мрежата (нец). Не смее да се сервира над маса. Промашено топче при серва е поен за противникот. Секое допирање со пинг-понг рекетот на масата е поен за противникот. Во конкуренција на дубл, сервирањето мора да биде на својата десната половина на масата, кон спротивната дијагонална страна на масата.

ЧЛЕН 5

Секој натпревар ќе го суди судија со лиценца од пинг-понгарската федерација на Македонија.

ЧЛЕН 6

Максимален број на играчи дозволен за игра е 1 или 2 играчи во зависност од конкуренцијата (сингл или двојки ).

ЧЛЕН 7

Секој натпревар на кој една од екипите нема да го има минимумот потребни играчи во екипата (1 или 2), се смета за службено добиен натпревар за противничката екипа со резултат 3:0. Максималното дозволено време за комплетирање на екипата е 5 минути од официјално закажаното време на одржување на мечот.

ЧЛЕН 8

Доколку 2 или повеќе натпреварувачи/(екипи во дубл) рамки на иста група имаат ист број бодови, за крајниот пласман одлучува меѓусебниот дуел, па сет разлика, па поен разликата.

ЧЛЕН 9

Системот на натпреварување е по пат на разигрување по групи, а потоа се игра систем на елиминација (1/8 финале, ¼ финале, ½ финале, финале). Во елиминационата фаза одат натпреварувачите пласирани на прите 5 места од трите групи и најдобро пласираниот натпреварувач на 6 место од сите три групи. Од сите 16 натпреварувачи се прави ранг листа, од која се ждребаат носители на 1/8 финални парови и нивните противници. Во елиминационата фаза натпреварите ќе се играат во 3 добиени сета.

ЧЛЕН 10

Сите резултати и изгледот на групите ќе биде објавуван на огласна табла во СЦ ФОРЦА, на web страната www.mesecnasportot.com, по завршување на секој натпревар во првата фаза, а во втората фаза по завршување на секое елиминационо коло се до финалето (1/8 финале, ¼ финале, ½ финале, финале).

* за евентуални нерегуларности во врска со пријавените учесници, екипите ќе бидат дисквалификувани без враќање на котизацијата за учество.